# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА ПРИЛЕП

| | | |
|---|---|---|
| Службен гласник на Општина Прилеп – Излегува по потреба | 25 Март 2015 година<br>Службен гласник број 4<br>Овој примерок чини 50 ден.<br>Годишна претплата 2.000 ден. | Жиро с-ка при Комерцијална банка – Филијала Прилеп<br>300020000208779<br>ЕДБ 4021996117695 |

***Адреса: „Прилепски бранители " бр.1, тел.416-454, www.prilep.gov.mk, email:prilep@prilep.gov.mk***


Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003, 4/2005 и 11/2008) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОКОТ ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ЗБИРНИОТ ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОЦЕНЕТАТА ШТЕТА НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ПРИЛЕП ОД НЕВРЕМЕТО ОД 30.01.2015, 31.01.2015 И 01.02.2015 ГОДИНА**

1. Заклучокот за усвојување на Збирниот Извештај за проценетата штета на подрачјето на Општина Прилеп од невремето од 30.01.2015, 31.01.2015 и 01.02.2015 година, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 696/1
25.03.2015 година
П р и л е п

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Прилеп
Марјан Ристески

Врз основа на член член 36 став 1 точка 15 од Законот за Локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/2002) и член 26 став 1 точка 46 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр. 6/2003, 4/2005 и 11/2008), Советот на Општина Прилеп на седницата одржана на 25.03.2015 година, претресувајќи го Збирниот Извештај за проценетата штета на подрачјето на Општина Прилеп од невремето од 30.01.2015, 31.01.2015 и 01.02.2015 година, донесе:

**З А К Л У Ч О К**

за усвојување на Збирниот Извештај за проценетата штета на подрачјето на Општина Прилеп од невремето од 30.01.2015, 31.01.2015 и 01.02.2015 година

1. Се усвојува Збирниот Извештај за проценетата штета на подрачјето на Општина Прилеп од невремето од 30.01.2015, 31.01.2015 и 01.02.2015 година, бр25-680/1 од 24.03.2015 година.

2.Заклучокот и Збирниот Извештај да се достават до Републичката комисија за проценка на штети при Владата на РМ, Министерството за финансии, Градоначалникот и архивата на Општина Прилеп.

3. Заклучокот ќе се објави во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 25-688/2
25.03.2015 година
П р и л е п

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Совет на Општина Прилеп
м-р Никола Димески

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003, 4/2005 и 11/2008) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ПРЕДАВАЊЕ ЗА УПРАВУВАЊЕ НА ЈКП "ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА"-ПРИЛЕП НЕДВИЖНА СТВАР – ВОДОСТОПАНСКА ГРАДБА "ВОДОСНАБДИТЕЛЕН СИСТЕМ ЗА НАСЕЛЕНО МЕСТО ЕРЕКОВЦИ"**

1. Одлуката за предавање за управување на ЈКП "Водовод и канализација"-Прилеп

недвижна ствар –водостопанска градба "водоснабдителен систем за населено место Ерековци", се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 696/2 ГРАДОНАЧАЛНИК
25.03.2015 година на Општина Прилеп
Прилеп Марјан Ристески

Врз основа на член 36 ст. 1 т. 10 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ"бр.5/02), ), член 3 и 5 од Законот за снабдување со вода за пиење и одведување на урбани отпадни води ("Сл.весник на РМ" бр. 68/2004, и чл.26 од Статутот на општина Прилеп ("Сл.гласник на општина Прилеп"бр.6/03), Советот на Општина Прилеп, на седницата одржана на 25.03.2015 година. донесува:

**ОДЛУКА**

за предавање за управување на ЈКП "Водовод и канализација"-Прилеп недвижна ствар – водостопанска градба "водоснабдителен систем за населено место Ерековци"

**Член 1**

На ЈКП "Водовод и канализација" од Прилеп, со статус давател на услуги за општината,му се дава на трајно стопанисување, без надоместок, инфраструктурен објект ЛОКАЛЕН ВОДОСНАБДИТЕЛЕН СИСТЕМ ЗА НАСЕЛЕНО МЕСТО ЕРЕКОВЦИ, чиј Инвеститор е Општина Прилеп.

**Член 2**

Со предавањето на градбата, на ЈКП му се доставува примерок од Проектот за изведена состојба (тех. број 024/15) изработен од ЈП ЗА ПУП од Прилеп, согласно снимана состојба на лице место. Водостопанската градба содржи ПУМПНА СТАНИЦА, РЕЗЕРВОАР со капацитет 90м$^3$ и РАЗВОДНА МРЕЖА со должина од 2.700,00м.

**Член 3**

Согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл.весник на РМбр. 199/15) ЈКП "Водовод и канализација" има обврска графички да ја ажурира диспозицијата на инфраструктурната градба, со цел издавање на валидни податоци потребни за изготвување на проектна документација.

**Член 4**

Согласно Законот за обезбедување со вода за пиење и одведување на урбани отпадни води ЈКП управува и го одржува водоснабдителниот, и канализациониот систем.

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила следниот ден од денот на објавување во "Службен гласник на општина Прилеп".

Број 25-688/3 ПРЕТСЕДАТЕЛ
25.03.2015 година на Совет на Општина Прилеп
Прилеп м-р Никола Димески

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003, 4/2005 и 11/2008) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА НА ЈП ЗА ПУП-ПРИЛЕП ЗА ПОКРИВАЊЕ НА ЗАГУБАТА ОСТВАРЕНА ПО ГОДИШНАТА СМЕТКА ЗА 2014 ГОДИНА, БР.02-156/10 ОД 06.03.2015 ГОДИНА**

1. Одлуката за давање согласност на Одлуката на ЈП за ПУП-Прилеп за покривање на загубата остварена по годишната сметка за 2014 година, бр.02-156/10 од 06.03.2015 година, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 696/3 ГРАДОНАЧАЛНИК
25.03.2015 година на Општина Прилеп
Прилеп Марјан Ристески

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/2002), член 11 став 1 точка 7 од Законот за јавни претпријатија ("Службен весник на РМ" бр.38/96, 6/2002, 40/2003, 49/2006, 22/2007, 83/2009,97/10, 6/2012, 119/2013, 41/2014 и 138/14) и член 26 став 1 точка 32 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр. 6/2003 и 4/2005 и 11/2008), Советот на Општина Прилеп на седницата, одржана на 25.03.2015 година, донесе:

**О Д Л У К А**

за давање согласност на Одлуката на ЈП за ПУП-Прилеп за покривање на загубата остварена по годишната сметка за 2014 година, бр.02-156/10 од 06.03.2015 година

член 1

Се дава согласност на Одлуката на ЈП за ПУП-Прилеп за покривање на загубата остварена по годишната сметка за 2014 година, бр.02-156/10 од 06.03.2015 година.

член 2

Одлуката да се достави до ЈП за ПУП-Прилеп, Градоначалникот и архивата на Општина Прилеп.

член 3

Одлуката влегува во сила, осмиот ден од денот на објавувањето во ''Службен гласник на Општина Прилеп''.

Број 25-688/4
25.03.2015 година
Прилеп

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Совет на Општина Прилеп
м-р Никола Димески

## АКТ ОД КОМИСИЈА ЗА СТАТУТ И ПРОПИСИ

## КОМИСИЈА ЗА СТАТУТ И ПРОПИСИ

По извршениот увид на изворниот текст е утврдено дека во текстот на "Службен гласник на Општина Прилеп" број 2 од 27 Февруари 2015 година, е направена грешка поради што се дава

**ИСПРАВКА**
**НА "СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ПРИЛЕП" БРОЈ 2**
**ОД 27 ФЕВРУАРИ 2015 ГОДИНА**

Во текстот на "Службен гласник на Општина Прилеп" број 2 од 27 Февруари 2015 година во Одлука бр. 25-445/24, во член 1, ред 2 наместо зборот :,, во Имотниот лист бр.23472'', треба да стои ,,во Имотниот лист бр.55694''.

Број 25 - 689/1
25.03.2015 година
Прилеп

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Комисија за статут и прописи
Жикица Петрески

## *С О Д Р Ж И Н А*

***на Службен гласник на Општина Прилеп бр. 4 од 25.03.2015 година***

1. Заклучок за усвојување на Збирниот Извештај за проценетата штета на подрачјето на Општина Прилеп од невремето од 30.01.2015, 31.01.2015 и 01.02.2015 година........................................................... **Стр. 1**

2.Одлуката за предавање за управување на ЈКП "Водовод и канализација"-Прилеп недвижна ствар –водостопанска градба "водоснабдителен систем за населено место Ерековци".......................**Стр. 2**

3.Одлука за давање согласност на Одлуката на ЈП за ПУП-Прилеп за покривање на загубата остварена по годишната сметка за 2014 година, бр.02-156/10 од 06.03.2015 година.......................................................**Стр. 2**

**АКТ ОД КОМИСИЈА ЗА СТАТУТ И ПРОПИСИ**

4. Исправка на "Службен гласник на Општина Прилеп" број 2 од 27 евруари 2015 година................................................................. **Стр. 3**

ИЗДАВА : Општина Прилеп
ГЛАВЕН И ОДГОВОРЕН УРЕДНИК: Марјан Ристески -Градоначалник на Општина Прилеп
ДИЗАЈН И КОМПЈУТЕРСКА ОБРАБОТКА: Горица Чатлеска
ПЕЧАТИ: Одделение за правни и општи работи. Тираж: 50 примероци